27534

НОВА МАКЕДОНИЈА. СКОПЈЕ.
17.IV.1981, 12297, 10.

СРЕДБА НА ИЗЛОЖБА

# Во контакт со детството

**● Во цртежот најдов паралела со сликарството на кое работам повеќе од 20 години, вели Симон Шемов чија 13-та самостојна изложба синоќа беше отворена во Центарот за култура и информации**

Вчера во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации беше отворена 13—та самостојна изложба на Симон Шемов. На скопските љубители на уметноста Шемов им се претставува со 36 експонати — цртеж — колажи.

Изложбата тематски е поврзана со детството би можела да се нарече **детски игри**. Ја подготвува седум години. И во оваа техника најдов една паралела со сликарството со кое бев преокупиран повеќе од 20 години. Во сликарството работам со спој на структури додека во цртежот, таквото нијансирање е потешко. Меѓутоа на оваа изложба јас го прикажувам можното пронаоѓање на структуралните разлики и создавањето органска целина во еден таков медиум каков што е цртежот. Кај нас цртежот многу не се негува, особено не колажот. Мојата изложба веројатно е една од поретките. Генерацијата на која и припаѓам донесе една дисциплина која многу не се применуваше во нашата ликовна уметност со инцидентни исклучоци, на пример Мартиновски кој се занимаваше со цртежи. Овој предизвик на генерацијата претставува и свое искуство кое се пробиваше и развиваше без претходни примери. Олеснителна околност во овој случај е што јас и моите колеги се школувавме во различни центри во Југославија. Развиената комуникација со светските искуства ни овозможи полесно пробивање на некои нови патишта, во конкретниов случај цртежот. Врз мене најсилно влијание во ослободувањето од некои предрасуди изврши поп— артот. Во оваа фаза, тоа влијание веќе е помалку присутно но своевремено одигра извесна улога.

Шемов досега има излагано во повеќе македонски и југословенски градови а во странство во — Лондон Единбург, Братфорд. Групно се претставил скоро во сите центри во Европа.